Почитувани,

Фондот за Население на Обединетите Нации (УНФПА) и неговата Y-PEER мрежа во Македонија имаат задоволство да ве поканат на првата национална средба на организации и институции кои работаат со млади луѓе и делуваат во областа на сексуалното и репродуктивното здравје која ќе се одржи на ден **28 Ноември 2007** во просториите на **Хотел Континентал** од **10:00** до **17:00** часот.

Целта на оваа средба е да се разгледаат и прифатат Y-PEER Стандардите за врсничка едукација од страна на сите релевантни актери во земјата со цел да се изгради неопходниот консензус за нивно интегрирање во формалното и неформалното образование на теми од сексуално и репродуктивно здравје на младите во Македонија.

Во прилог ви ја доставуваме агендата за оваа средба.

United Nations Population Fund, 8ma Udarna Brigada #2, 1000 Skopje

Tel. (389) 2 3249579

**Опфат и цели на средбата:**

Y-PEER е интернационална мрежа на организации и институции поддржана од УНФПА, Фондот за население на Обединети Нации, која работи за и со млади луѓе, за заштита на нивното здравје. Во неа се вклучени се повеќе од 250 НВО и државни институции во повеќе од 35 земји од регионот на Југоисточна Европа, Северна Африка и Арапските земји.

Y-PEER мрежата во Македонија спроведува врсничка едукација за подобрување на сексуалното и репродуктивното здравје на младите во Македонија и за превенција на ХИВ/СИДА. Тоа е процес при кој добро тренирани и мотивирани млади луѓе превземаат одговорност да организираат едукативни активности со нивните пиери ( врсници, другари) со што помагаат во подобрување на знаењето, однесувањето, убедувањата, и вештините и ги оспособуваат да бидат одговорни и да го заштитат своето здравје.

Младите преку социјалните активности освен подобрување на квалитетот на живеење и градење здрави животни стилови имаат можност да се вклучат во процесите на донесување на одлуки и да партиципираат активно во демократското општество.

Y-PEER Македонија го започна процесот за усвојување и имплементација на меѓународните стандарди за врсничка едукација во областа на сексуалното и репродуктивното здравје. Употребата на овие стандарди во врсничката едукација обезбедува гаранција за квалитетот на едукацијата и еден единствен методолошки и концептуален пристап. Тие се направени врз основа на веќе изграден консензус на експертски мислења и испробано искуство, вклучувајќи и во делот за мониторинг и евалуација.

Со оглед на тоа што општите стандарди за врсничка едукација треба да се прилагодат на индивидуалните програми за врсничка едукација за да одговорат на специфичните потреби како и на општествената и законската рамка во одредена земја,Y-PEER Македонија ги преведе на македонски јазик овие стандарди и сега е во фаза на нивно прилагодување кон нашите потреби. За таа цел, сакаме да постигнеме што поширок консензус околу тоа и цениме дека тоа е можно само на еден отворен начин, со вклучување на сите клучни засегнати страни.

**Агенда:**

| | |
|---|---|
| 10:00 - 10:30 | Презентирање на Y-PEER (мисија, цели, визија) |
| 10:30 - 11:15 | Презентација на стандардите за врсничка едукација |
| 11:15 - 11:30 | Кафе пауза |
| 11:30 - 12:45 | Работа во групи |
| 12:45 - 14:00 | Ручек |
| 14:00 - 14:30 | Извештај од работата во групи, донесување заклучоци |
| 14:30 - 15:00 | Предлог структурирање на Y-PEER Македонија |
| 15:00 - 15:30 | Дискусија, предлози, идеи |
| 15:30 - 16:00 | Заклучоци, доделување благодарници |